**НОВ ТЕКСТ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА

## ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

## ЗА 2012 година

**Март, 2013 година**

## I СТАТИСТИКА

### ПАТЕНТИ

Патентни пријави по години

| Година | Домашни | Странски, национална фаза | | | Вк. Пред ДЗИС | Издададени решенија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДСП[1] | ЕПЗ [2] проши. | Пред ДЗИС | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5= 1+4** | **6** |
| 2003 | 48 | 23 | 363 | 386 | 434 | 105 |
| 2004 | 44 | 9 | 399 | 408 | 452 | 102 |
| 2005 | 53 | 15 | 368 | 383 | 436 | 373 |
| 2006 | 55 | 4 | 403 | 407 | 462 | 463 |
| 2007 | 150 | 13 | 365 | 378 | 528 | 524 |
| 2008 | 34 | 5 | 401 | 406 | 440 | 328 |
| 2009 | 39 | 11 | 372 | 383 | 422 | 334 |
| 2010 | 27 | 1 | 336 | 337 | 364 | 406 |
| 2011 | 37 | 3 | 365 | 368 | 405 | 392 |
| 2012 | 50 | 3 | 440 | 443 | 493 | 520 |
| Збир | **537** | 87 | 3812 | 3899 | 4436 | 3547 |

[1] ДСП - Договор за соработка во областа на патентите
[2] ЕПЗ - Европски патентен завод

Патентни пријави по години




Во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија во текот на 2012 година поднесени се 493 патентни пријави од кои 50 домашни и 443 странски. Бројот на поднесените патентни пријави во 2012 година во однос на 2011 година е зголемен за 17,8%. Зголемувањето на бројот на поднесените патентни пријави во 2012 година се должи на зголемувањето на истите од странски и домашни подносители.

Оваа промена се одрази и врз структурата на поднесените патентни пријави по извори во 2012, така што, споредено со 2011 година, остварено е зголемување на учеството на домашните патентни пријави од 9,1% на 10,1%, а соодветно со тоа се променува и структурата по земји од кои потекнуваат пријавите.

Во текот на 2012 година во Република Македонија, во однос на бројот на домашни патентни пријави, постигнато е зголемување: бројот на домашните патентни пријави е зголемен од 37 во 2011 на 50 во 2012 година или за 26,0%, а учеството на истите во вкупниот број поднесени патентни пријави е зголемено од 9,1% на 10,1%.

Патентни пријави по извори во 2011 и 2012 година

2011




2012



Поднесените пријави за патенти според Меѓународната класификација на патенти (МКП) во 2012 година

Структурата на поднесените пријави за патенти според МКП е со најголемо учество на секцијата С (хемија, металургија) со 42,4% и секција А (тековни животни потреби) со 33,3%, што укажува дека интересот за заштита е поврзан со структурата на производните капацитети во Република Македонија.




**Останати статистички информации за патенти**

Покрај ова, во текот на 2012 година Државниот завод за индустриска сопственост извршил и други активности од доменот на патентите: завршена е постапката за 562 барања за признавање на патент за кои се издадени 520 решенија за признавање на патент, отфрлени се 37 барање за признавање на патент и одбиени се 5 барање за признавање патент. Од вкупниот број на издадени решенија издадени се 500 решенија за ЕП пријави, 17 решенија за национални пријави и 3 решенија за РСТ пријави. Итотака решени се и 88 барања за пребарување во базите на податоци.

## ТРГОВСКИ МАРКИ

Пријави на трговски марки вкупно и по години

| Година | Домашни | Странски пријави | | | | Вкупно по Мадрид. Договор/протокол | Вкупно странски | Вкупно пријави | Издадени решенија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред ДЗИС | По Мадридски аранжман | | | | | | |
| | | | Нови | Терит. пр | Прод. на еф. | | | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6=3+4+5** | **7=6+2** | **8=7+1** | **9** |
| 2003 | 478 | 515 | 2490 | 590 | - | 3080 | 3595 | 4073 | 535 |
| 2004 | 458 | 598 | 2678 | 487 | | 3165 | 3763 | 4221 | 294 |
| 2005 | 433 | 617 | 3659 | 620 | | 4279 | 4896 | 5329 | 626 |
| 2006 | 494 | 749 | 3311 | 495 | | 3806 | 4555 | 5049 | 1290 |
| 2007 | 618 | 637 | 3854 | 707 | | 4561 | 5198 | 5816 | 979 |
| 2008 | 1276 | 690 | 4057 | 651 | | 4708 | 5398 | 6674 | 1822 |
| 2009 | 898 | 398 | 3130 | 601 | | 3731 | 4129 | 5027 | 1433 |
| 2010 | 944 | 537 | 2623 | 599 | | 3222 | 3759 | 4703 | 783 |
| 2011 | 917 | 474 | 2788 | 600 | | 3488 | 3962 | 4906 | 1616 |
| 2012 | 876 | 503 | 2615 | 501 | | 3116 | 3619 | 4495 | 388 |
| **Збир** | **7392** | **5718** | **31205** | **5851** | **0** | **37156** | **42874** | **50293** | **9766** |

Пријави на трговски марки вкупно  и по години




Во текот на 2012 година во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија се пристигнати вкупно 4495 пријави за трговски марки, од кои 44.3% според Мадридски договор, а останатите се поднесени до Државниот завод за индустриска сопственост. Во структурата на вкупниот број пријави 69% се од странство.Во 2012 година се пристигнати вкупно 4495 пријави за трговски марки што во однос на претходната година претставува намалување за 8,4%. Ова намалување се должи на намалениот број на странски пријави по Мадридскиот протокол.

Пред Државниот завод во текот на 2012 година поднесени се вкупно 1379 пријави и во споредба со претходната година нивниот број е намален за 1%. Од вкупниот број поднесени пријави 876 се од домашни подносители, кои бележи намалување во однос на претходната година за 4.5%, и 503 од странски подносители, кои бележат раст од 05.2% во однос на претходната година.

Според Мадридскиот договор и протоколот на Мадридскиот договор, во текот на 2012 година се поднесени вкупно 3116 пријави за трговски марки, од кои 2615 се нови пријави и 501 територијални проширувања. Споредбено со 2011 година, бројот на пријави според овој аранжман бележи намалување од 6,3% во однос на нови пријави и намалување од 16.5% во однос на територијалните проширувања.

Во периодот од 2003 до 2012 година, во Државниот завод за индустриска сопственост пристигнати се вкупно 50293 пријави за трговски марки, од кои 74% според Мадридскиот договор и 26% поднесени пред Заводот.

Во структурата на вкупниот број пријави 85.1% се од странство, а само 14.9% се од домашни подносители.

***Пријави на трговски марки поднесени во ДЗИС***

| Година | Д омашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2003 | 478 | 515 | 993 |
| 2004 | 458 | 598 | 1056 |
| 2005 | 433 | 617 | 1050 |
| 2006 | 494 | 749 | 1243 |
| 2007 | 618 | 637 | 1255 |
| 2008 | 1276 | 690 | 1966 |
| 2009 | 898 | 398 | 1296 |
| 2010 | 944 | 537 | 1481 |
| 2011 | 917 | 474 | 1391 |
| 2012 | 876 | 503 | 1379 |
| **Збир** | **9988** | **5718** | **13110** |

Во периодот 2003-2012 година во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија се поднесени вкупно 13110 пријави за трговски марки, од кои 42.2% се пријави на трговски марки од странство, а 57.8% се од домашни подносители и истите бележат незначително намалување во однос на претходнита година, а странските имаат незначително зголемување во однос на предходната година.

Бројот на поднесените пријави за трговски марки во 2012 година изнесува 1379 и во споредба со претходната година е намален за 1%. Намалување на бројот на пријави за трговски марки во 2012 година е забележано кај домашните за 4.5%, а кај странските имаме зголемување за 6%.

Пријави на трговски марки според Ничанската класификација во 2011



Според меѓународната класификација на производи и услуги (Ничански договор) состојбата на пристигнати пријави за трговски марки по класи е скоро еднаква во споредба со минатата година. Така, во 2011 година најзастапени биле пријавите за трговска марка од класите 35, 05, 30, 41, 29 и 43, а во 2012 година најмногу пријави биле поднесени од класите 35, 05, 30, 32, 29, 41 и 43. Најмногу пријави биле примени за производи од класата 35 (428 со учество од 31%), на второ место е класата 05 (293 со учество од 21%) и на трето класата 30 (204 со учество од 14,8%). Следуваат пријавите за производите односно услугите од класите 29, 32, 41 и 43 (138, 133, 131 и 113 со учества од 10%, 9,6%, 9,4% и 8,2%). Овие податоци укажуваат на се́ поголемата заинтересираност за заштита на трговски марки во делот на трговијата на големо и мало и огласувањето, водењето на работите, управување со работи и канцелариски работи од класата 35. Исто така е голем интересот за заштита на производи од фармацевтски и останати производи за медицинска употреба од класата 05, што се должи на фактот на постоење фармацевтска индустрија во Република Македонија. За одбележување се и пријавите на трговските марки од областа на прехранбени производи од растително потекло за конзумирање или конзервирање, како и додатоци наменети за подобрување на вкусот на храната од класата 30. Исто така за одбележување се и пријавите на трговските марки од областа на класата 29. Значително е и учеството на пријавите и од областа на класата 41 и 43. Од сите пристигнати пријави по класи во 2012 година може да се забележи дека е присутна тенденција на се́ поголема дисперзија на пријави од разни класи, односно покрај прикажаните шест најзастапени класи има уште шест класи со околу стотина или повеќе пријави. Може да се заклучи дека најзначајно е учеството на пријавите што се поврзани со производсво и трговија на фармацевтски и производи за медицинска употреба, како и на производството или подготовката на прехранбени производи, со оглед на тоа што Република Македонија има развиена фармацевтска и прехранбена индустрија.

*Признаени трговски марки по години*

| Година | Д омашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2003 | 137 | 398 | 535 |
| 2004 | 127 | 167 | 294 |
| 2005 | 129 | 497 | 626 |
| 2006 | 322 | 968 | 1290 |
| 2007 | 278 | 701 | 979 |
| 2008 | 620 | 1202 | 1822 |
| 2009 | 791 | 642 | 1433 |
| 2010 | 944 | 537 | 1481 |
| 2011 | 1012 | 604 | 1616 |
| 2012 | 279 | 181 | 460 |
| **Збир** | **3899** | **5479** | **9378** |

Од приложениот табеларен преглед за регистрирани трговски марки по години се забележува дека нивниот број осетно опаднал во 2004 во споредба со 2003 година, а во наредните две години (2005 и 2006) постигнува голем пораст по над 100%, за во 2007 година повторно да бележи пад во однос на 2006 година, а во 2008 година да достигне голем пораст од 86,1% споредено со 2007 година и на крјот во 2009 година бележат повторно пад од 21,4% во однос на 2008 година. Во 2010 во однос на 2009 година, бројот на признаени трговски марки бележи мал пораст, во 2011 во однос на 2010 тој порастот изнесува 8,3%, а во однос на 2011 бележи повторно пад на издадени решенија за признавање на правото.

Меѓународно регистрирани трговски марки од Македонија

Меѓународно регистрираните македонски трговски марки во рамките на Мадридскиот договор и протокол во 20112 година во однос на 2011 забележаа пораст од 56% во споредба со претходната година. Во 2012 година преку ДЗИС во Светската организација (ОМПИ) меѓународно биле регистрирани 32 трговски марки, а во 2011 година меѓународно се регистрирани 18 трговски марки. Покрај негативните движења остварени во 2012 година, постои простор состојбата со меѓународно регистрираните македонски трговски марки повторно да се подобри, затоа требе што повеќе да се укажува на фактот дека македонските фирми сé уште го немаат сфатено значењето на меѓународната заштита на трговските марки и фактот дека користењето на мадридскиот систем дава погодности (пониска цена, една пријава за повеќе држави и сл.), во однос на пријавувањето по земји.

Останати статистички информации за трговските марки

Во текот на 2012 година Државниот завод за индустриска сопственост изврши и други активности од доменот на трговските марки. Односно издадени се: 744 решенија за продолжување на важењето на трговските марки, 1230 решенија за престанок на важење на трговските марки, 663 задолжувања за плаќање такси по решенија за трговски марки, 1116 исправи за трговски марки, 240 потврди и изводи за пријавени и регистрирани трговски марки, 227 решерши, 1632 решенија за отфрлање, престанок на важење и одбивање на трговски марки, 1100 задолжувања за плаќање трошоци за објава на пријава на трговска марка, 1553 утврдувања на дата на поднесување на пријавата, 25 решенија за враќање во поранешна состојба, а за 15 пријави за трговски марки е запрена постапката.

## ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

### Пријави на индустриски дизајн вкупно и по години

| Година | Домашни | Странски пријави | | Вкупно странски | Вкупно пријави | Издадени решенија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред ДЗИС | По Хашки договор | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4=2+3 | 5=4+1 | 6 |
| 2003 | 45 | 26 | 582 | 608 | 653 | 621 |
| 2004 | 31 | 16 | 566 | 582 | 613 | 577 |
| 2005 | 47 | 13 | 737 | 750 | 797 | 798 |
| 2006 | 32 | 3 | 773 | 776 | 808 | 815 |
| 2007 | 39 | 13 | 979 | 992 | 1031 | 1016 |
| 2008 | 21 | 11 | 1022 | 1033 | 1054 | 1064 |
| 2009 | 28 | 17 | 729 | 746 | 774 | 759 |
| 2010 | 25 | 10 | 715 | 725 | 750 | 746 |
| 2011 | 45 | 16 | 726 | 742 | 803 | 758 |
| 2012 | 46 | 20 | 777 | 797 | 843 | 824 |
| **Збир** | **359** | **145** | **7606** | **7751** | **8110** | **7978** |

Пријави на индустриски дизајн вкупно  и по години




Во текот на 2012 година до Државниот завод за индустриска сопственост биле поднесени 843 пријави за индустриски дизајн. Бројот на вкупно поднесените пријави за индустриски дизајн во 2012 година споредено со претходната е зголемен за 5%. Во рамките на вкупниот број поднесени пријави за индустриски дизајн до Државниот завод, домашните во 2012 година во однос на претходната година бележат зголемување од 2,2%, а странските зголемување за 25%. Од вкупниот број поднесени пријави, 66 се поднесени во Заводот, а 777  преку Хашкиот договор за меѓународно регистрирање на индустриски дизајни, од кои 472 се нови, а 305 се однесуваат на индустриски дизајни за кои е продолжено важењето за територијата на Република Македонија.

Карактеристично за дизајните е тоа што со една пријава за признавање на правото на индустриски дизајн, може да се бара заштита на повеќе дизајни на производи (повеќекратна пријава), притоа сите дизајни од пријавата мора да се наменети да се применуваат на производи класифицирани во иста класа според Меѓународната класификација (Локарнска класификација). Според тоа, од поднесените 66 пријави во Заводот, повеќето се повеќекратни, со вкупно 108 индустриски дизајни.

### *Пријави на индустриски дизајн поднесени во ДЗИС*

| Година | Д омашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2003 | 45 | 26 | 71 |
| 2004 | 31 | 16 | 47 |
| 2005 | 47 | 13 | 60 |
| 2006 | 32 | 3 | 35 |
| 2007 | 39 | 13 | 52 |
| 2008 | 21 | 11 | 32 |
| 2009 | 28 | 17 | 45 |
| 2010 | 35 | 10 | 45 |
| 2011 | 45 | 16 | 61 |
| 2012 | 46 | 20 | 66 |
| **Збир** | **369** | **145** | **514** |

Во периодот 2003-2012 година во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија се поднесени 514 пријави за индустриски дизајн, од кои 28,2% се пријави за индустриски дизајн од странски правни и физички лица.

Бројот на поднесените пријави за индустриски дизајн во 2012 година изнесува 66 и во споредба со претходната е зголемен, односно има пораст од 8,2%. Зголемување на бројот на пријави за индустриски дизајн во 2012 година е забележан кај домашните за 2,2%, а кај странските зголемување за 25%.Од ваквиот однос на поднесени пријави за индустриски дизајн следи и намалено учество на домашните пријави од 28,5% во 2011 на 2,2% во 2012 година, а кај странските од 60% на 25%.

### *Признаени индустриски дизајни вкупно и по години*

| Година | Домашни | Странски | Меѓународни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2003 | 28 | 11 | 582 | 621 |
| 2004 | 8 | 3 | 566 | 577 |
| 2005 | 23 | 38 | 737 | 798 |
| 2006 | 32 | 10 | 773 | 815 |
| 2007 | 34 | 3 | 979 | 1016 |
| 2008 | 26 | 16 | 1022 | 1064 |
| 2009 | 23 | 7 | 729 | 759 |
| 2010 | 24 | 7 | 715 | 746 |
| 2011 | 27 | 9 | 726 | 762 |
| 2012 | 24 | 23 | 777 | 824 |
| **Збир** | **249** | **127** | **7606** | **7978** |

Во 2012 година во Заводот се донесени 47 решенија за признавање на право од индустриски дизајн, од кои 24 домашни, 23 странски, признаени пред Државниот завод и странски меѓународно признаени за територијата на Република Македонија 777.

Вкупниот број признаени индустриски дизајни во наведената година е зголемен за 8,2%, што е резултат на зголемениот број домашно и меѓународно признаените индустриски дизајни.

Инаку, овде требе да се напомене дека во вкупниот број меѓународно поднесени и регистрирани пријави по Хашки договор, 1641 се евидентирани со една или како повеќекратни пријави за индустриски дизајни.

**Признаени индустриски дизајни по извори вкупно во 2012**




Гледано по извори од вкупниот број индустриски дизајни кои важат за територијата на Република Македонија, најголемо учество во 2012 година има Германија со 126 регистрирани индустриски дизајни или процентуално 24,3%. Потоа следуваат: Швајцарија со 101 или процентуално 19,4,0%, Франција со 59 регистрирани индустриски дизајни или 11,4%, Македонија со 47 или процентуално од 9,1%, Италија со 30 или процентуално од 5,8% ,Турција со 28 или процентуално 5,3%, Холандија со 20 регистрирани дизајни или процентуално од 3,9%, Словенија со 11 или процентуално од 2,1% и.т.н.

***Пријави на индустриски дизајн по Хашки договор според Меѓународната класификација за индустриски дизајн (Локарнска класификација)***




Од приложениот графикон се забележува дека во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, во 2012 година, со учество од 24,7% структурно најзастапени се признаените индустриски дизајни од класата 12, следи класата 10 со учество од 22,5%, потоа класата 26 со учество од 8,4%  и индустриски дизајни од класата 9, со учество од 7,6%. Индустриските дизајни од класата 12 се однесуваат на средства за транспорт или подигање товар: класата 10 се однесува на часовничарски производи и останати инструменти за мерење, контрола и сигнализација; класата 26 се однесува на расветни уреди, а индустриските дизајни од класата 9 се однесуваат на амбалажа и садови за транспорт или за пренесување на стока. Следуваат  индустриските дизајни од класата 23 со учество од 6,3%, а се однесуваат опрема за дистрибуција на течности, инсталација за проветрување и клима уреди. Понатаму следуваат индустриски дизајни од класата 14 со учество од 5,4%, а се однесуваат на опрема за електронски записи, комуникација или обработка на информации; класата 25 со учество од 3,2%, а се однесува на градби и елементи за градежништво и класата 32 со учество од 2,8%, а се однесува на графички симболи и логоа. . На графиконот се прикажани и  индустриски дизајни од сите други класи со учество од 19,1%.

**Останати статистички информации за индустриски дизајни**

Во текот на 2012 година Државниот завод за индустриска сопственост  извршил и други активности од доменот на индустриските дизајни, односно отфрлени се 7 пријави за индустриски дизајни, одбиени се 2 пријави за индустриски дизајни, изработени се 10 решенија за промени, издадени се 33 исправи, извршени се 14 решерши или пребарувања, запрена е постапката по 6 пријави, издадени се 5 решенија по предлог за огласување ништовно решение, 66 известувања за утврден датум на поднесување, 61 задолжување за плаќање трошоци за објавување на пријавата, 57 задолжувања за плаќање такси и трошоци за заштита, 9 известувања за апсолутни причини и издадени се 19 решенија за продолжувања за важење на индустриските дизајни.

## II. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### Соработка со странски заводи во областа на индустриската сопственост

Во рамките на билатералната соработка на ДЗИС и Заводот за заштита на индустриска сопственост на Република Косово, на 23 март 2012 година, во Приштина, Косово, се одржа работен состанок помеѓу претставници на двата завода.

## III. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Соработка со Светската организација за интелектуална сопственост

Во рамките на соработката со Светската организација за интелектуална сопственост, имплементиран е IPAS EDMS системот (електронски документ менаџмент систем на СОИС) и WIPO Scan алатката за скенирање на пријавите и признаените права од индустриска сопственост според меѓународните стандарди. Истовремено, спроведена е обука од страна на експерт од СОИС на вработени од ДЗИС и на надворешна IT фирма со која ДЗИС има договор за одржување и надградба на постојните софтверски решенија на ДЗИС.

### Соработка со Европската патентна организација

Во рамките на билатералната соработка со ЕПО, на 29 февруари и 1 март 2012 во посета на ДЗИС беа двајца претставници на ЕПО заради утврдување нови правци на билатералната соработка.

Во периодот од 15 до 16 март 2012 година во официјална посета на Република Македонија и на Државниот завод за индустриска сопственост престојуваше четиричлена делегација предводена од претседателот Беноа Батистели, претседател на Европскиот завод за патенти и на Европската патентна организација. Делегацијата имаше можност да се запознае со активностите кои државата ги презема на планот на афирмацијата, заштитата и спроведувањето на правата од индустриската сопственост и со стратешките документи и политики кои ги спроведува Владата, а се однесуваат на политиката за поттикнување на иновативниот капацитет на домашните субјекти. Беше ставен особен акцент на соработката на Република Македонија со Европскиот завод за патенти при што особен интерес двете страни покажаа за Проектот за машински превод на патентите на македонски јазик, при што беше заклучено дека со тоа ќе се олеснат бариерите на домашното стопанство, индустријата, научната и академска јавност во смисла на поедноставен пристап до техничка документација содржана во патентните пријави и документацијата со што се очекува да се придонесе кон јакнење на конкурентноста на домашната економија во целост.

### Соработка со Европската патентна академија

Во рамките на соработката со ЕПО, преку Европската патентна академија, претставници на ДЗИС учествуваа на:

- Семинар на тема “Администрирање со таксите за одржување во важност на патентните права согласно членот 39 од ЕПК“, што се одржа од 6 до 9 мај 2012 година, во Виена, Австрија.

- Работилница на тема “Соработка помеѓу земјите членки на полето на Е-обуките“, што се одржа на 10 и 11 мај 2012 година, во Мадрид, Шпанија.

- Семинар на тема “Интелектуална сопственост за владини службеници и компетентни лица во јавниот сектор“, што се одржа на 25 и 26 септември 2012 година, во Луксембург.

- Семинар на тема “Надворешна комуникација на Заводите за индустриска сопственост: индустриската сопственост и општеството”, што се одржа од 27 до 29 ноември 2012 година, во Брисел, Белгија.

ДЗИС и Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Европската патентна академија, на 4 и 5 јуни 2012 година, организираа регионален семинар од областа на патентното право, на тема: „Оспорување на правото на патент и постапки“, на кој учествуваа претставници од правосудството од Република Македонија и од државите во регионот.

## IV. УЧЕСТВО НА КОМИТЕТИ И СОСТАНОЦИ

Претставници на ДЗИС учествуваа во работата на телата на WIPO и ЕПО и на други работни состаноци односно на:

1. 26-тата Сесија на Комитетот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки, што се одржа од 1 до 3 февруари 2012 година, во Женева, Швајцарија.
2. Состанок во Европската патентна академија, што се одржа на 21 март 2012, во Минхен, Германија
3. Ден на размена на информации со земјите членка на ЕПО што се одржа на 22 март 2012 година, во Минхен, Германија
4. Билатерален состанок со земјите членки на ЕПО што се одржа на 23 март 2012 година, во Минхен, Германија
5. 131-та седница на Административниот совет на ЕПО што се одржа на 27 и 28 март 2012, во Минхен, Германија
6. 18-тата Сесија на Постојаниот комитет за право на патент, која се одржа од 21 до 25 мај 2012 година, во Женева, Швајцарија;
7. 7-миот Состанок за соработка за трговски марки, што се одржа на 21 и 22 мај 2012 година, во Аликанте, Шпанија;
8. Состанок на Комитетот за буџет и финансии на Европската патентна организација, што се одржа на 22 и 23 мај 2012 година, во Минхен, Германија;
9. 6-тата Годишна средба за соработка на државите членки на Европската патентна организација, што се одржа на 18-19 јуни 2012, во Дубровник, Хрватска.
10. 132-та Седница на Административниот совет на Европската патентна организација, што се одржа од 25-27 јуни 2012; во Минхен, Германија и
11. 27-та Сесија на Комитетот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки, што се одржа од 17 до 21 септември 2012 година, во Женева, Швајцарија.
12. Претставници на ДЗИС учествуваа на состанок “Европската патентна мрежа од областа на класификацијата”, во организација на Европската патентна организација, што се одржа на 11 и 12 октомври 2012 година, во Сан Марино.
13. Комитетот за техничка и оперативна подршка на Европската патентна организација, што се одржа на 17 октомври 2012 година, во Минхен, Германија;

14. 2-та сесија на Работната група за Правниот развој на Хашкиот систем за меѓународна регистрација на индустрискиот дизајн, што се одржа од 5 до 7 ноември 2012 година, во Женева, Швајцарија;
15. 6-та сесија на Работната група за развој на Лисабонскиот систем, што се одржа од 3 до 7 декември 2012 година, во Женева, Швајцарија;
16. 134–та седница на Административниот совет на Европската патентна организација, која се одржа на 11 и 12 декември 2012 година во Минхен, Германија и
17. 8-та сесија на Советодавниот комитет за спроведување на правата од интелектуална сопстваност, што се одржа на 19 и 20 декември 2012 година во Женева, Швајцарија.

## V. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ОБУКИ

Претставници на ДЗИС учествуваа на конференции, семинари и обуки во земјата и во странство, односно на:

### *Обуки во странство*

1. Регионална конференција за развој на националните стратегии за интелектуална сопственост во земјите во транзиција, што се одржа во Сибиу, Романија, на 21-22 јуни 2012, во организација на Светската организација за интелектуална сопственост и Романскиот завод за пронајдоци и трговски марки;
2. Меѓурегионален интермедијарен семинар за индустриска сопственост, организиран од Светската организација за интелектуална соственост, од 20-22 јуни 2012 во Женева, Швајцарија проследен со практична обука од 25 јуни до 6 јули во Центарот за меѓународни студии за интелектуална сопственост (CEIPI), во Стразбур, Франција.
3. Работилница за интелектуална сопственост и јавно здравје за земјите од Југоисточна Европа и Азиските земји, во организација на Светската трговска организација, што се одржа од 26 до 28 септември 2012 година, во Загреб, Хрватска.
4. Семинар “Романската трговска марка по пет години од интеграцијата на Романија во Европската унија”, во организација на Заводот за пронајдоци и трговски марки на Романија, што се одржа од 29 до 31 август 2012 година, во Констанца, Романија.
5. Семинар за изучувањето на интелектуалната сопственост на универзитетите, што се одржа по повод 10-годишнината од пристапувањето на Република Бугарија кон Европската патентна конвенција, на 18 октомври 2012 година, во Софија, Бугарија.
6. Конференција “Патлиб“ 2012, што се одржа од 30 мај до 1 јуни 2012 година во Манчестер, Велика Британија.

### *Обуки во Македонија*

7. Обука во петтата област ”Внатрешен пазар” од проектот ”Одржливо учење за ЕУ и систем за обука”, во рамките на билатералната поддршка на Република Македонија од Кралството Норвешка, од 2 до 6 април 2012 година;
8. Обука “Тендерски постапки и склучување договори“ – Модул 1, во рамките на проектот Техничка поддршка за ИПА Центар за обука, на 21-22 мај 2012;
9. Обука “Потврдување на трошоците преку проверка“ – Модул 1, во рамките на проектот Техничка поддршка за ИПА Центар за обука, на 30-31 мај 2012;

10. Програмска обука “Управување со проектен циклус“ – Модул 1: „Проект и проектно досие”, од 19-21 март 2012; Модул 2: “Проектен циклус“, од 18 до 20 април 2012 и Модул 3: „Управување со проектно досие“ на 7 - 8 јуни 2012, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, согласно Годишната програма за генеричка обука на државните службеници во Република Македонија за 2012 година.

## VI. СТРАТЕГИЈА ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

***Стратегија за интелектуална сопственост (2009-2012)***

Во рамките на мерките и активностите предвидени во Стратегијата за интелектуална сопственост, во 2012 година беше подготвена и усвоена Информација за спроведување на активностите од Стратегијата согласно Акциониот план за спроведување на Стратегијата. Со поддршка на Светската организација за интелектуална сопственост беше подготвен Извештај за евалуација на спроведените активности предвидени во Стратегијата од страна на надворешни експерти. Оценката за степенот на реализација на мерките и активностите предвидени во Стратегијата е појдовна основа за дефинирање на идните приоритети во областа на интелектуалната сопственост.

## VII. ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ

***Националната програма за усвојување на правото на Европската унија***

ДЗИС како институција определена за раководење со работната група за Поглавјето 3.07. - Право на интелектуална сопственост и во текот на 2012 активно учествуваше во следење на спроведувањето на предвидените активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Македонија да ги исполни условите за членство во Европската унија.

За таа цел ДЗИС одржуваше месечни состаноци, подготвуваше месечни и квартални извештаи, учествуваше на седниците на Работниот комитет и на Поткомитетот на работниот комитет за европска интеграција, учествуваше во процесот на ревизија на НПАА 2012 и подготовка на НПАА 2013, во координација со институциите од Поглавјето 3.7 и Секретаријатот за европски прашања.

***Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција***

Осмиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Република Македонија и Европската унија, се одржа на 21 и 22 март 2012 година во Скопје. На состанокот, претставниците на Република Македонија го презентираа напредокот од оваа област.

Европската комисија го поздрави донесувањето на Законот за ратификација на Лондонскиот договор за примена на членот 65 од Европската патентна конвенција, измените на Законот за индустриска сопственост, подготовката на Методологијата за статистичко следење и статистичка обработка на

податоци за спроведување на правата од интелектуална сопственост и имплементацијата на Стратегијата за интелектуална сопственост 2009-2012.

***Комитет за стабилизација и асоцијација*** Во контекст на континуираниот дијалог помеѓу Република Македонија и Европската комисија, во јуни се одржа 9-тиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација (КСА), како еден од најважните инструменти преку кој се креира оценката за напредокот и исполнувањето на критериумите за членство и обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Во таа насока ДЗИС во соработка со сите институции од Поглавјето 3.7. при подготовката на материјалот даде систематски и детален приказ за остварениот напредок во областа на интелектуалната сопственост

## VIII. КООРДИНАТИВНО ТЕЛО

**Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС)**.континуирано спроведуваше активности во насока на сузбивање пиратеријата и фалсификувањето. КТИС остваруваше соработка за прашања кои се однесуваат на надзор на пазарот, идентификуваше проблеми од областа на интелектуалната сопственост, предлагаше решенија, преземаше активности кои се однесуваат на креирање на соодветна политика на заштита на индустриската сопственост и заштита на авторското право и сродните права и непосредно учествуваше во координирани акции со претставници од надлежните инспекциски служби за спроведување на прописите од областа на интелектуалната сопственост, според утврден месечен акционен план, за што редовно доставуваше информации до Владата на Република Македонија.
Во согласност со Оперативната програма за борба против пиратерија и фалсификување донесена во февруари 2010 година, КТИС во текот на 2012 година, спроведе вкупно дваесет и пет координирани акции. Во овие акции одземени се вкупно 5.515 предмети со кои се повредуваат авторските и сродни права и 499 предмети со кои се повредени правата од индустриска сопственост.
Поднесени се 51 пријави за поведување кривични постапки пред надлежните судови, 40 барања за поведување прекршочни постапки; изведени се 8 едукации, издадени се вкупно 37 платни налози за уплата на глоба и изречени се 11 привремени забрани за вршење на дејност.
КТИС, во соработка со Агенцијата за управување со одземен имот и Министерството за правда, спроведе две јавни акции за уништување на одземените предмети со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост. Уништувањето е спроведено по завршувањето на судските постапки, на 26 април и на 12 декември 2012 година. Во овие две јавни акции уништени се 64.548 производи со кои се повредени авторски и сродни права и 4.308 литри алкохол, 279 парчиња текстил и 1401 парче модни додатоци. Акциите беа медиумски покриени.
Во согласност со Оперативната програма за борба против пиратеријата и фалсификувањето, КТИС продолжи со промотивни активности за јакнење на јавната свест за значењето и придобивките од заштитата на правата од интелектуална сопственост преку организирање на едукативна јавна трибина во Струмица и учество на ТВ емисии. Претставници од КТИС учествуваа на 1 конференција, 1 обука и 4 работилници. Со цел поефикасно сузбивање на фалсификатите и пиратеријата, а за потребите на КТИС беа реализирани три TAIEX проекти: TAIEX работилница “Организиран криминал во областа на интелектуалната сопстеност”, TAIEX експертска мисија “Борба против фалсификувани лекови како предмет на кривично гонење“ и TAIEX студиски престој “Заштита на интелектуалната сопственост од повреди преку интернет“.
TAIEX работилницата на тема „Организиран криминал во областа на интелектуалната сопственост“ се одржа на 23 април 2012 година, во Скопје,. На работилницата учествуваа вкупно 67 учесници

(членови на Координативното тело за интелектуална сопственост, претставници од Министерството за внатрешни работи, Државниот пазарен инспекторат, Царинската управа, Државниот завод за индустриска сопственост, судии и јавни обвинители). Целта на семинарот беше зајкнување на борбата против фалсификатите и пиратеријата. Особен акцент беше ставен на поврзаноста на организираниот криминал и финансирањето на тероризмот. Презентирањето на начините на следење на каналите на фалсификатите и пиратеријата беше во насока на поттикнување на капацитетите на институциите за соработка со меѓународните тела заради поефикасно сузбивање на криминалот во областа на интелектуалната сопственост.

TAIEX експертска мисија „Борба против фалсификуваните лекови како предмет на кривично гонење“ се одржа на 26 и 27 јуни 2012 година, во Скопје. На обуката учествуваа членови на КТИС, претставник од Бирото за лекови, Државниот завод за индустриска сопственост и судија од Основниот суд Скопје I Скопје.

TAIEX студиската посета беше остварена во периодот од 06.11.2012 година до 08.11.2012 година во Стокхолм – Кралство Шведска со цел согледување на состојбата и преземање шведските искуства во однос на системот на спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост од повреди преку интернет.

## IX. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Имајќи го во предвид значењето на **подигнување на јавната свест** за заштита на правата од индустриска сопственост, ДЗИС презеде редовни активности поврзани со јакнењето на јавната свест: обука на студенти од Правниот факултет “Јустинијан Први“ во ДЗИС; учество во 2 ТВ емисии за значењето на заштитата на правата од интелектуалната сопственост; обука за мали и средни претпријатија од областа на патентите и трговските марки; одбележување на Светскиот ден на интелектуална сопственост и организирање на традиционалната манифестација “Патент на годината“.

Во организација на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост, на 13 јуни 2012 во Скопје, се одржа обука за мали и средни претпријатија на тема „Брендирање и заштита на правата од интелектуална сопственост - предизвици и добри практики“. На обуката учествуваа компании, институции, консултанти и поединци, кои имаа за цел да се информираат за: ризиците од користење нелегален софтвер; придобивките од заштитата на трговските марки; развивање бренд – стратегија, како и за улогата на Државниот пазарен инспекторат и Координативното тело за интелектуална сопственост во заштитата на правата од интелектуална сопственост.
Во соработка со локалната самоуправа, во општина Чаир во Скопје, на 21 јуни 2012 година, се одржа обука за мали и средни претпријатија, со презентации од областа на патентите и трговските марки.

***Светски ден на интелектуалната сопственост 2012***
По повод 26 април – Светскиот ден на интелектуална сопственост, Државниот завод за индустриска сопственост во соработка со Светската организација за интелектуална сопственост, организираше дводневен семинар на тема „Договор за правото на патент и Сингапурски договор за правото на трговска марка“.

Координативното тело за интелектуална сопственост спроведе акција за јавно уништување на одземени производи со кои се повредуваат правата на интелектуална сопственост, а претставници од КТИС учествуваа на Конференција за интелектуална сопственост.

***Патент на годината***

На 24 декември 2012 година се одржа традиционалната манифестација "Патент на годината" на која покрај доделувањето на Патент на годината беа доделени и наградите кои македонските пронајдоци ги добија на Меѓународната изложба на идеи, пронајдоци, нови производи – IENA 2012.

***Изложби***

На 32-та Меѓународна изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади **МАКИНОВА – ЕКОНОВА 2012**, што се одржа од 16-20 октомври, во Скопје, на која ДЗИС преку своите претставници, членови на меѓународната оценувачка комисија, додели награди за жена иноватор, заштитен патент и за млад иноватор

*Со цел да го промовираат македонското пронаоѓаштво во меѓународни рамки, на* ***Меѓународната изложба на идеи, пронајдоци, нови производи - IENA 2012****, беа презентирани пет пронајдоци од македонски иноватори, на кои им беа доделени златен, сребрен и бронзен медал од стручното меѓународно жири и голем број специјални награди од асоцијации и здруженија од областа на пронаоѓаштвото.*

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија учествуваше на **Меѓународната изложба "Иновации од жени пронајдувачи"**, која се одржа од 3 до 6 мај во Сеул, Јужна Кореја. На изложбата учество зедоа 25 земји, 157 жени пронајдувачи кои се претставија со 259 пронајдоци. Република Македонија оваа година се претстави со два пронајдока од областа на фармацијата и медицината. Пронајдоците на изложбата беа вреднувани од Стручната комисија на KIWIE 2012 (златен и бронзен медал), како и со специјални награди од другите учесници.

Претставник од ДЗИС учествуваше како член на меѓународната жири комисија на 32–та Меѓународна изложба на пронајдоци, нови технологии и индустриски дизајн "Пронаоѓаштво Белград 2012" и "Чекор по чекор до креативни иновации", кои се одржаа од 21 до 25 мај 2012 година во Белград.

## X. ЗАСТАПНИЦИ

Во 2012 година беше организиран еден стручен испит за застапници на правата од индустриска сопственост. Испитот го положија 17 лица. Со тоа вкупниот број лица кои го положиле стручниот испит за застапници, според евиденцијата што ја води ДЗИС е 421.

Во регистарот на застапници беа впишани 10 нови застапници, а од регистарот беа избришани 10 застапници.

## XI. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Во одделението за внатрешна ревизија во Државниот завод за индустриска сопственост се спроведени обврските од Планот за работа за 2012 година. При тоа се спроведени следните активности:
Во првите 3 месеци беше спроведена ревизија на процесот,,Постапка на признавање на правата од индустриска сопственост со посебен осврт на ПАТЕНТ-како творба на човечки ум,,.Оваа ревизија беше резултат на финалната активност на ПИЛОТ проектот на кој зедоа учество вработени од одделенија за внатрешна ревизија од повеќе државни институции од централно и локално ниво.Се работи за пилот програма во рамки на ТВИНИНГ проектот ,,Подршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на централни и локално ниво,,која како практична ревизорска активност се спроведе во просториите на ДЗИС.Горенаведените теоретски и практични активности за обука на внатрешни ревизори беше резултат на заедничката соработка и координација на Министерство за финансии на кралството Холандија(кој е финансиски подржувач на обуките за внатрешни ревизори во сите државни институции од локално и централно ниво) и Министерство за финансии на Р Македонија.
На 13 и 14.03.2012 година претставник на одделението за внатрешна ревија на ДЗИС учествуваше на обука за внатрешни ревизори, на напредно ниво во рамки на проектот,,Техничка подршка за ИПА центар за обуки,,организиран од Секретаријатот за европски прашања.
Во тек на 2012 година беа спроведени 3 ревизии и тоа:
1)Ревизија на оствареност на планските задачи по сектори(патент,трговска марка и дизајн).
2)Ревизија на буџетски циклус-со осврт на трошење на средства по Годишен финансов план
3)Ревизија на процедури за јавни набавки-со осврт на набавки од мала вредност.
Последниот квартал од годината беше посветен на подготовките околу изготвување на Годишниот план за 2013 година и Стратешкиот план за 2013-2015 година.

## XII. ОПШТИ РАБОТИ

***ИТ поддршка***

Државниот завод за индустриска сопственост располага со сопствени бази на податоци за пријавени и заштитени права од индустриска сопственост (патенти, трговски марки, индустриски дизајн и географски називи). За нивна обработка се користи програмата IPAS - Industrial property Administration System што е платформа развиена од Светската организација за интелетуална сопственост (WIPO) која служи за управување со кориснички документи. Самиот IPAS е клиент - сервер платформа развиена на т.н. технологија Centura, која овозможува администраторскиот и клиентскиот IPAS да комуницираат со базата на податоци која е на Oracle платформа, каде што се чуваат сите податоци .

Административното работење на ДЗИС во оделенијата за прием и обработка на документите за стекнување на права од индустриска сопственост и во оделението за општа архива се користи програма на база на Lotus Notes што е апликациски софтвер, платформа развиена од IBM и е клиент сервер платформа која се користи за следните услуги:

- електронска пошта (e-mail);
- веб-сервер, каде е хостирана веб-страницата на ДЗИС и апликација за управување со веб-страницата, и
- софтвер за архивско работење со уписниците и деловодникот.

***Прием на документи***

Прием и обработка на документи за стекнување на права од индустриска сопственост се извршени во програмата IPAS и е обработен следниот обем на документи за 2012 година:

- ***трговски марки*:**

поднесени се 1.433 нови пријави за трговски марки, од кои 1379 национални пријави за трговски марки, 54 пријави за меѓунардна регистрација на трговски марки, издадени решенија за прзнавање на трговски марки 459;

- ***патенти***:

поднесени се 493 нови пријави за патенти, од кои 50 домашни пријави за патенти и 443 нови пријави на странски патенти, издадени 20 решенија за национални и 500решенија за европски признаени патенти;

- ***индустриски дизајн:***

поднесени се 66 пријави за индустриски дизјан од кои 46 домашни пријави и 20 странски пријави и се издадени 47 решенија за признавање;

- ***други дејствија:***

извршени се приближно 10.000 дејствија коишто се однесуваат на издавање на документи за утврдување на датум на поднесени документи за признавање на правата од индустриска сопственост, прием на документи за платени такси за признаени права од индустриска сопственост, прием на документи за доставени барања за објави на права од индустриска сопственост, заверка на документи и други дејствија.

***Издавачка дејност***

Државниот завод за индустриска сопственост согласно законската обврска шест пати во годината издава службено гласило “Гласник“. Уредувањето, обработката и објавувањето на материјали од доменот на заштитата на индустриската сопственост во “Гласник“ се врши во ДЗИС.

Истовремено се подготвува и издава извештај за работата на ДЗИС за секоја изминатa година.

***Финансиско работење***

Обврските од областа на финансиско работење ги извршуваат вработените од Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија . Во текот на 2012 година извршени се сите обврски во врска со сметководственото работење на Заводот (изготвување буџет, годишни и квартални планови, прегледи на неизмирени обврски на крајот од секој изминат месец, разни видови информации на барање на одговорни лица од ДЗИС и Министерството за финансии и Генералниот секретар при Владата на Република Македонија, изготвување плати, годишна пресметка, пописи на основни средства, статистички извештаи и ГДП).

1. Доставуван е квартален план за I, II, III и IV квартал во 2012 година за користење на буџетските средства.

2. Заради редовно измирување на обврските на ДЗИС, од Министрерството за финансиии - Сектор за буџет, неколку пати е барана пренамена на буџетски средства коишто се спроведени соодветно во кварталните планови во 2012 година заради намирување на трошоци што се однесуваат на комунални услуги: парно, струја и вода.

3. Во согласност со обврските за следење на Буџетот за 2012 година, до секој 10-ти во месецот, до Министерството за финансии - Сектор за трезорско работење се доставува извештај за неизмирени обврски за претходниот месец.

4. Во согласност со заклучоците на Владата на Република Македонија во врска со спроведување на пакетот на антикризни мерки, редовно и во рок во текот на 2012 година се доставувани:

- информација за службени патувања;
- информација за исплата на хонорари за учество во комисии;
- информација за намирување на обврските.

***Финансиски аспекти на работата за 2012 година***

Во делот финансиски показатели сврзани со реализација на буџетот на ДЗИС, можеме да ги наведеме следните показатели.

**Буџет за 2012 година (во денари)**

| Буџет на ДЗИС | Буџет 2012 | Ребаланс 2012 | Ребаланс на Буџет за 2012 со извршени пренамени на средства | Реализација Буџетот за 2012 година | Реализација на Буџетот за 2012м г. во % |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма 20 - заштита на индустриската сопственост во тоа: | 34.164.000 | 34.164.000 | 34.164.000 | 32.571.533 | 95,33%/ 95,89% |
| Расходи | | | | | |
| 40 - плати и придонеси | 15.564.000 | 16.164.000 | 16.164.000 | 15.965.229 | 100% |
| 42 - стоки и услуги | 15.800.000 | 15.800.000 | 16.180.000 | 15.836.179 | 97,88% |
| 420 – патни и дневни расходи | 1.500.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 1.497.276 | 99,81% |
| 421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.000.000 | 3.000.000 | 2.800.000 | 2.779.762 | 99,27% |
| 423 -материјали и ситен инвентар | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 895.510 | 89,95% |
| 424 – поправки и тековно одржување | 1..000.000 | 1.000.000 | 1.580.000 | 1.563.468 | 98,95% |
| 425 – договорни услуги | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.347.167 | 97,96% |
| 426 – други тековни расходи | 1.800.000 | 1.800.000 | 1.800.000 | 1.752.996 | 97,38% |
| 427 – привремени вработувања | | | | | |
| 46 – субвенции и трансфери | 2.000.000 | 1.400.000 | 1.120.000 | 173.600 | 15,50% |
| 480 – купување на опрема и машини | 500.000 | 500.000 | 400.000 | 323.400 | 80,85% |
| 485–вложувања и нефинансиски средства | 300.000 | 300.000 | 300.000 | 273.105 | 91,03% |

1. Со Буџетот на Република Македонија за 2012 година ("Сл. весник на РМ" бр.180/2011) определен е буџет на Државниот завод за индустриска сопственост во висина од 34.164.000 денари, и со извршените пренамени во буџетот на ДЗИС тој изнесуваше 33.966.605 денари. Во процесот на реализација на буџетот на ДЗИС за 2012 година се направени неколку пренамени во буџетските ставки со цел за поголема функционална реализација на доделените буџетски средства.

При тоа искористувањето на расположивите средства од буџетот на ДЗИС за 2012 година изнесува 95,33 % или 32.571.533 денари, што во однос на буџетот со извршена пренамена изнесува 95,89%.

2. Во делот на Расходите - средствата наменети за основни плати и придонеси за социјално осигурување, реализирани се со 100 %, и тоа од планираните со пренамената во буџетот на ДЗИС за 2012 година 15.966.605 денари за 34 вработени, реализирани се 15.965.229 денари за 34 вработени.

Во Државниот завод за индустриска сопственост на 1 јануари 2012 година биле вработени 32-ца државни службеници, директор и заменик директор.

Во текот на 2012 година бројот на вработените е намален за 2-ца државни службеници, на кои им престана работниот однос во ДЗИС поради стекнување на право на старосна пензија, но истиот број потоа повторно е зголемен за 2-ца вработени кои беа превземени од други институции и тоа едниот со стекнат статус на државен службеник а другиот како кандидат за државен службеник.

На 31 декември 2012 година во ДЗИС има 32-ца вработени, директор и заменик директор.

3. Во делот на Расходите – средствата наменети за стоки и услуги, од планирните со пренамената во буџетот за 2012 година во висина од 16.180.000 денари се реализирани 97,88% или 15.836.179 денари, при тоа:

3.1. Расходите за патни и дневни се реализирани со 99,81%, што се должи на реализација на најнеопходните службени патувања сврзани со пристапувањето на ДЗИС во работните тела на Светската организациа за интелектуална сопственост – WIPO во Женева и Европската патентна организација – ЕПО во Минхен;

3.2. Расходите за комунални услуг, греење, комуникација и транспорт се реализирани со 99,27% и покрај порастот на цените на овие трошоци во текот на годината;

3.3. Расходи за материјали и ситен инвентар реализирани се со 89,95%.

3.4. Расходи за поправки и тековно одржување реализирани се со 98,95%.

3..5. Расходи за договорни услуги се реализирани со 97,96% и тоа за: кирија, надоместоци на плати, награди за пронајдувачи доделени на манифестациите: "Патент на годината" и "Макинова" други трошоци.

3.6. Други тековни расходи се реализирани со 97,38% - трошоци за манифестации ( 26 – април Светски ден на интелектуалната сопственост, "Патент на годината 2012" и "Макинова") советувања и огласи во јавните средства за информирање во согласност со ЗОУП.

3.7. Расходи за привремени вработувања не се реализирани.

3.8. Расходите за купување на компјутерска опрема се реализирани со 80,85%, за набавената компјутерска опрема (1 сервер) и (DVD rom).

3.9. Расходите за вложувања и нефинансиски средства се реализирани со 91,03%, за набавени лиценци за софтвер за антивирусна заштита (55 комада).